Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Примено / E pranuar: 13-09-2019
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат
Орг.Един. / Njësia Org.: 44 | Број / Numër: 7009/1 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlerë:

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, бул. Илинден бр.2, 1000 Скопје, до 16.9.2019 година. Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: Здружение на граѓани Нов Мост - Прилеп

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 6334490

Седиште и адреса (улица, број, општина):ул.Круме Волнароски бр.179/Прилеп, општина Прилеп

Застапник: Влатко Секулоски

Веб страница: /

Електронска пошта (e-mail): v.sekuloski@gmail.com

Телефонски број за контакт: 076 60 70 80

Лице за контакт: Влатко Секулоски

**Предлог- иницијатива**
**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија**
**за 2020 година**

**Наслов на иницијативата:** Создавање услови за изградба на фотоволтаични електрани за микро инвеститори

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија) 15 Инвестиции за одржлив раст / 3 Енергетика

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Услови за инвестирање во микро фотоволтаична централа. Иницијативата за која што ви се обраќаме е инспирирана од понуда во Грција. Со 55.000 евра се гради централа од 75.000 kWh, со годишна добивка од 7.000 евра, инвестицијата се враќа за 8 години. На многу места во Грција има токмну такви микро-централи како што опишавме.




Условите на повикот за изградба на фотоволтаични централи се во ред и погодни за инвеститори кои сакаат да инвестираат минимум 200.000 евра. Не успеавме да собереме информации за тоа на кој начин во Грција се стимулира изградбата на микро-фотоволтаични електрани, но тие постојат на многу места. Во исто време многу луѓе што наследуваат недвижнина ја чуваат како мртов капитал кој не учествува во платниот промет, не придонесува за ништо.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

- Ќе се зголеми производството на енергија од обновливи извори
- Модерната социјалдемократија не е само повисоки даноци за побогатите, туку и создавање клима за малите инвеститори т.е. како средната класа да ја инвестира својата заштеда, посебно како пасивен приход.
- Повеќе млади ќе останат во земјата. Многу млади луѓе наследуваат недвижнина која не ја реинвестираат за поголема добивка. Заминуваат и малди луѓе кои се вработени и имаат наследство поголемо од 50.000 евра.
- Со зголемување на финансиската независност ќе се подобри и климата за демократија.
- Поголем обрт на капиталот. Луѓето со мали заштеди не инвестираат во пасивен приход. Средната класа не инвестира во пасивен приход, ниту има услови за такви инвестиции.
- Искористеност на земјишни парцели. Има многу мали ниви кои се неупотребливи за современо земјоделство, а се доволни за микро-фотоволтаична електрана.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

- Државата нема никакви трошоци, треба само да создаде услови за микро-инвеститори што можат да имаат само позитивни финансиски импликации за државата.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Потпис на застапникот

10.09.2019 година